# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 06 Декември 2013 година Скопје Бр. 17 Год.VIII |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


**Содржина:**


1. **Одлука** за изменување и дополнување на Детален урбанистички план „УЗ Даме Груев УБ2-блок 13 **Општина Ѓорче Петров - Скопје** ....................2
2. **Одлука за изработка на УДНМ за село Никиштане со проширен опфат, за вклопување на бесправните објекти изградени надвор од сегашен плански опфат на Општина Ѓорче Петров**...........6
3. **Одлука за изработка на УП вон населено место-ВЕЛЕ ПОЛЕ со дефиниран плански опфат, за вклопување на бесправните објекти на Општина Ѓорче Петров**....................9
4. **Одлука за одобрување приоритет на Проектот "*Доизградба на локален пат ул.„Лука Геров“ до клучка Стопански Двор-од с.Ново Село до премин на железничка пруга и дел од патот по ул.„5“ - патот за с.Свиларе*"**....................12
5. **Одлука за отварање на преодна сметка на Општина Ѓорче Петров во деловна банка заради воведување на Пос-терминали за наплата на административни такси**....................14
6. **Одлука за воспоставување соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје, за финансиско учество во постапка за експропријација на недвижен имот на ул.„Борис Сарафов“ (4-ти Јули)**....................16
7. **Одлука за начинот на извршување на присилната наплата на пристигнатиот даночен долг на даночни обврзници – физички лица, по основ на данок на имот за Општина Ѓорче Петров**................18
8. **Одлука за давање на согласност за склучување на спогодба за здружување за воспоставување на систем за управување со отпад во Скопски Плански Регион**....................20
9. **Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров-финансиска помош на Кристијан Алексоски**....................23
10. **Измени и дополнувања на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен одбележја за Општина Ѓорче Петров**....................25
11. **Програма на Општина Ѓорче Петров во областа на еднаквите можности на жените и мажите во 2014 година**.................... 27
12. **Одлука за исплата на еднократен надомест** ....................36


**Декември 2013, Скопје**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Детален Урбанистички План УЗ Даме Груев УБ2-блок 13, Општина Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Детален Урбанистички План УЗ Даме Груев УБ2-блок 13, Општина Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Тринаесетата Седница на Советот, одржана на ден 05.12.2013 година.

**Број 08-3917/1**
**од 06.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина „Ѓорче Петров“ („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр 5/2006) и член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.Македонија“ број 51/05,137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 13-тата седница одржана на 05.12.2013 година, донесе:

## **О Д Л У К А**
## **за изменување и дополнување на Детален урбанистички план " УЗ Даме Груев УБ2-блок 13" Општина Ѓорче Петров - Скопје**

### **Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се донесува изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план "УЗ Даме Груев УБ2-блок 13", Општина Ѓорче Петров - Скопје, со плански период од 2012-2017 год.

Деталниот урбанистички план во целост ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје"бр.8/2002) и е усогласен со ГУП Скопје 2012, Законот за просторно и урбанистичко планирање,("Сл. весник на Р.Македонија" бр. 51/2005, 137/2007,91/09,124/10, 18/11 и 53/11), Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.Македонија бр.63/12).

### **Ч л е н 2**

Просторот за кој се донесува изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план е со површина од 1,30 ха, со следни граници на опфат:

- на северозапад:осовина на ул. "Лука Геров-3"
- на североисток: осовина на ул."Лука Геров"
- на југоисток: осовина на ул."Лука Геров-5"

### **Ч л е н 3**

Деталниот урбанистички план "УЗ Даме Груев УБ2-блок 13", Општина Ѓорче Петров, Скопје, е изработен од АД ЗУАС-Скопје, со технички број 2462/12.

Деталниот урбанистички план содржи:

**ВОВЕД**
**I.ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**
**А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

**Вовед**

1. географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат
2. Историјат на планирање
3. Природни чинители
4. Создадени вредности
5. Инвентаризација и снимка на изграден градежен фонд и вкупна физичка супраструктура
6. Инвентаризација и снимка на постојни споменички целини
7. Инвентаризација и снимка на изградена комунална инфраструктура
8. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени објекти
9. Анализа на степен на реализација на важечки урбанистички план
10. Состојба на природните и со работа создадени вредности
11. Извод од план од повисоко ниво

**Нумерички показатели**

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. Извод од ГУП на град Скопје од 2002 год. ................................ 1:5000
2. Извод од ДУП за УЗ Даме Груев УБ2 ................................. 1:1000
3. Ажурирана геодетска подлога.................................................. 1:1000
4. Документациона основа

4.1. Инвентаризација и снимка на градежен фонд ................... 1:1000
4.2. Инвентаризација на комунална инфраструктура................. 1:1000
4.3. Инвентаризација на бесправни градби................................... 1:1000

**II.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**
**А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

1. Вид на планот
2. Географска и геодетска местоположба
3. Извод од план од повисоко ниво
4. Планска програма
5. Плански концепт
6. Плански решенија за градба
7. Економско образложение
8. Општи услови за изградба
9. Посебни услови за изградба
10. Сообраќајно решение
11. Нивелациски план
12. Хидротехничка инфраструктура
13. Електроенергетика
14. телефонска мрежа

**Нумерички дел**

Нумерички показатели
Билансни показатели

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. План на намена на земјиштето и градбите......... 1:1000
2. Сообраќаен план ........................................ 1:1000
3. Инфраструктурен план................. 1:1000
4. Синтезен план .............................. 1:1000

**Член 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на претседателот на Советот на Општината.

**Член 5**

Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, во рок од 30 дена од завршување на целокупната законска постапка за донесување на Деталниот урбанистички план, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на планот.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови е составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општината.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07 - 3760/3**
**Од 05.12.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за изработка на УДНМ за село Никиштане со проширен опфат, за вклопување на бесправните објекти изградени надвор од сегашен плански опфат на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за изработка на УДНМ за село Никиштане со проширен опфат, за вклопување на бесправните објекти изградени надвор од сегашен плански опфат на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Тринаесетата Седница на Советот, одржана на ден 05.12.2013 година.

**Број 08-3917/2**
**од 06.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 12 и 19 и 30 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12 и 72/13) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општината "Ѓорче Петров " (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 13-тата седница, одржана на ден 05.12.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За изработка на УДНМ за село Никиштане со проширен опфат, за вклопување на бесправните објекти изградени надвор од сегашен плански опфат на Општина Ѓорче Петров**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се утврдува да се изработи урбанистичко-планска документација, со која ќе се прошири опфатот на УДНМ Никиштане на Општина Ѓорче Петров, за вклопување на бесправните објекти, изградени надвор од сегашен плански опфат на Општината, согласно Решение за услови за планирање на просторот бр.15-9109/2 од 16.10.2013 година донесено од Министерот за животна средина и просторно планирање и Услови за планирање на просторот изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр.22712, составен дел на Решението.

**Ч л е н 2**

Просторот за кој ќе се изработи урбанистичко-планската документација од член 1 на оваа одлука , е со следни граници на плански опфат.

**Од северна страна** границата започнува од пресечната точка на КП1427 и западната граница на КП1428; продолжува по североисточната граница на КП1428, се до границата на КП 1425, каде свртува кон север, го сече патот односно КП2249 и по северната страна на патот продолжува се до повлечена линија низ полигонската точка 146, се прекршува до пресечната точка помеѓу КП1012 и КП 1014, продолжува по северната граница на КП 1014, КП1022, КП 1024, заобиколува по КП 1071, по КП 1068, КП 1067, КП 1065, го пресекува каналот до КП1081 која ја заобиколува се до КП 1094 над која го заобиколува постојното трло по постоен земјан пат до пресечната точка на КП1095 и КП 1094; Потоа продолжува по постојната граница од УДНМ од 1997год. и свртува по северната странана КП2252 (пат), се до североисточната граница на КП1159 и КП1158, свртува по јужната граница на КП1160, го сече постојниот пат помеѓу КП1267 и КП1268 и свртува по КП 1268, КП1269 и КП1270, КП1271, КП1272, КП1273, по КП1274 се до спојот со постојната граница на УДНМ која ги заобиколува гробиштата по КП893, КП884, КП886, КП888, КП889, КП 891, КП892 и КП893, свртува по пресекот со патот КП2245, продолжува по источната страна кон КП890, од каде започнува јужната граница;

**Јужната граница** започнува од пресечна точка на постојната граница на гробиштата по КП896 и КП897, свртува по границата на КП896, по северната граница на КП899, КП898 и КП904, продолжува по јужната граница на КП1291, КП1292, КП1295, КП1296, КП1297, КП1298, КП1299, КП1300, КП1301, КП1302, КП1303, до пресекот со постоен пат КП2233 до судирот на границата од од КП1650 каде свртува по КП1651 и КП1652 која ја заобиколува и продолжувапо КП1649, КП1648, КП1647, КП1653, КП1656, КП1657, КП1658, КП1659, КП1660 која ја заобиколува по јужната граница се до судирот со постојната граница на УДНМ1997год. по која продолжува-односно по западната граница на КП1661, КП1662, КП1663, КП1665 и КП1668, КП1667, КП1676 и КП1678, КП1699 до постоен пат на КП2248, свртува до КП1724.

**Западната граница** започнува од пресечната точка на КП1724 и јужната страна на КП1753(постоен пат), по која свртува на десно се до пресекот со КП1723, продолжува во правец на западната страна на КП1731 сечејќиго при тоапостојниот пат КП1753, ја заобиколува КП1735/1, свртува налево по јужната граница на КП1575 се до пресечна точка на страната од КП1573, од каде свртува по меѓа на КП1575, КП1576 и КП1577, се до пресечна точка помеѓу КП1577, КП1578 и КП1574. Од оваа точка се движи по јужната страна
на: КП1574, КП1571, КП1570, КП1567, КП1566,КП1563, КП1562, КП1559, КП1558 и КП1554, која ја заобиколува се до десниот брег на грачански поток. Потоа продолжува лево по десниот брег на потокот и по северната граница на КП1553, КП1552 и КП1550, од каде го сече потокот и продолжува по границата помеѓу КП1397 и КП1398 и помеѓу КП1396 и КП1399 и дел од меѓата на КП1400 во правец на меѓа на КП1395 го сече патот и продолжува до десниот брег на постоен јаз кој го сече, продолжува по западната граница на КП1429 и КП1428, завршува во почетната точка на границата на развој на село Никиштане -2013.

**Ч л е н 3**

Делот од просторот во кој се изградени бесправните објекти, ќе бидат вклопени со идната урбанистичко планска документација, во границите дефинирани во член 2, почитувајќи ги во целост обврзувачките активности во планирањето на просторот, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот План на Република Македонија.

**Ч л е н 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров " .

**Број 07 - 3760/4**
**Од 05.12.2013 год.**
**С к о п ј е**

**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л**
**на Советот на Општина Ѓорче Петров**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен  Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1  точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за изработка на урбанистички план вон населено место-Веле Поле со дефиниран плански опфат, за вклопување на бесправните објекти на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за изработка на урбанистички план вон населено место-Веле Поле со дефиниран плански опфат, за вклопување на бесправните објекти на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Тринаесетата Седница на Советот, одржана на ден 05.12.2013 година.

**Број 08-3917/3**
**од 06.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 12 и 19 и 30 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12 и 72/13) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општината "Ѓорче Петров " (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 13-тата седница, одржана на ден 05.12.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За изработка на УП вон населено место-ВЕЛЕ ПОЛЕ со дефиниран плански опфат, за вклопување на бесправните објекти на Општина Ѓорче Петров**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се утврдува да се изработи урбанистичко-планска документација, УП вон населено место-Веле Поле со дефиниран плански опфат, со која ќе се изврши вклопување на бесправните објекти, изградени надвор од плански опфат на Општина Ѓорче Петров.

**Ч л е н 2**

Просторот за кој ќе се изработи урбанистичко-планската документација од член 1 на оваа одлука , е со следни граници на плански опфат:

**Границата на УП вон населено место** **ВЕЛЕ ПОЛЕ** започнува од оската на обиколницата во КО Волково, оди кон северозапад до тромеѓето на КП2043, 2044 и 4470, продолжува кон северозапад по јужната граница на КП2043(дол) се до тромеѓето на КП 2054 2055 и 2043 (дол), одтука скршнува кон југозапад по западната граница на КП 2054 и 2056/1 се до границата со КО Кучково, продолжува кон југозапад по југоисточната граница на КП3421, 3413/1, 3443/2, тромеѓето на КП3428, 3438 и 3440, скршнува кон северозапад по северната граница на КП3440 се до првата прекршна точка, од тука врти кон југозапад, ја сече КП3440 и оди се до КП3397/1, од тука продолжува кон југ по источната и јужната граница на КП 3397/1 се до тромеѓето на КП3397/1, 3611/1 и 3612/1. оди кон север по западната граница на КП3612/1, потоа скршнува кон запар по југозападната граница на КП3397/1 ја сече КП4519(пат) се до тромеѓето на КП4519, 3634 и 3633, врти кон запад по северната граница на КП3633 се до тромеѓето на КП3633, 3634 и 4490(поток), скршнува кон југ по источната граница на КП4490(поток се до тромеѓето на КП4490, 3621 и 3618, од тука врти кон запад по јужните граници на КП 3673, 3672 и 3666 се до четворомеѓето на КП 3666, 3665, 3667 и 3663, врти кон југ по источните граници на КП 3663 и 3662 се до тромеѓето на КП3662,3658 и 3905(пат), врти кон запад по јужната граница на КП3662 се до КП3905(пат) кој истовремено е и граница со општина Сарај.

Потоа по општинската граница се спушта кон југ се до границата меѓу КП 4085 и 4145, продолжува кон југ по источните граници на КП 4145, 4144, 4143, 4142, 4140, 4139, 4137, 4135, 4127, 4128/2, 4125, 4114, 4113 и 4112, врти кон југозапад по јужните граници на КП4112, 4115, 4116, 4117, 4118, 4462, 4463, и 4465, ја сече КП4520(пат) и по нејзината југоисточна граница оди се до границата со општина Сарај, скршнува кон југоисток и по општинската граница се спушта се до оската на северната обиколница.Од тука се движи кон север по оската на обиколницата се до почетната точка во КО Волково.

**Ч л е н 3**

Делот од просторот во кој се изградени бесправните објекти, ќе бидат вклопени со идната урбанистичко планска документација, во границите дефинирани во член 2, почитувајќи ги во целост обврзувачките активности во планирањето на просторот, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот План на Република Македонија.

**Ч л е н 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров ".

**Број 07 - 3760/5**
**Од 05.12.2013 год.**
**С к о п ј е**

**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л**
**На Советот на Општина Ѓорче Петров**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен  Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1  точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за одобрување на приоритет на Проектот „Доизградба на локален пат ул.„Лука Геров“ до клучка Стопански Двор – од с.Ново Село до премин на железничка пруга и дел од патот по ул.„51“ – патот за с.Свиларе“**

Се објавува Одлуката за одобрување на приоритет на Проектот „Доизградба на локален пат ул.„Лука Геров“ до клучка Стопански Двор – од с.Ново Село до премин на железничка пруга и дел од патот по ул.„51“ – патот за с.Свиларе“, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Тринаесетата Седница на Советот, одржана на ден 05.12.2013 година.

**Број 08-3917/4**
**од 06.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М." бр.5/2002), член 15 став 1 од законот на Град Скопје („Сл. Весник на Р.М." бр.55/04) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 13-тата Седница одржана на ден 05.12.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за одобрување приоритет на Проектот "*Доизградба на локален пат ул.„Лука Геров" до клучка Стопански Двор-од с.Ново Село до премин на железничка пруга и дел од патот по ул.„5" - патот за с.Свиларе* "**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува приоритет на Проектот "*Доизградба на локален пат ул.„Лука Геров" до клучка Стопански Двор-од с.Ново Село до премин на железничка пруга и дел од патот по ул.„51" - патот за с.Свиларе*" на територијата на Општина Ѓорче Петров.

**Член2**

Изградбата на локалниот пат од член 1 од оваа Одлука целосно ќе се реализира со преостанатите-не искористени средства од оние кои на општината и беа доделени во 2012 година од страна на Јавно Претпријатие за државни патишта со цел реконструкција на локалниот пат ул.„Лука Геров" до клучка Стопански Двор.

**Член 3**

Согласно насоките добиени од Јавното претпријатие за државни патишта на Р.Македонија, преостанатите - не искористени средства кои се јавија како вишок по реконструкцијата на локалниот пат ул.„Лука Геров" до Клучка Стопански Двор, ќе се искористат за доизградба на предметните делници.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07 – 3760/6**
**Од 05.12.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за отварање на преодна сметка на Општина Ѓорче Петров во деловна банка заради воведување на Пос-терминали за наплата на административни такси**

Се објавува Одлуката за отварање на преодна сметка на Општина Ѓорче Петров во деловна банка заради воведување на Пос-терминали за наплата на административни такси, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Тринаесетата Седница на Советот, одржана на ден 05.12.2013 година.

**Број 08-3917/5**
**од 06.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М." бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 13-тата Седница одржана на ден 05.12.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за отварање на преодна сметка на Општина Ѓорче Петров во деловна банка заради воведување на Пос-терминали за наплата на административни такси**

**Член 1**

Се отвара преодна сметка на Општина Ѓорче Петров во деловна банка заради воведување на Пос-терминали за наплата на административни такси.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-3760/7**
**Од 05.12.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за воспоставување соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за финансико учество во постапка за експропријација на недвижен имот на ул.Борис Сарафов (4-ти Јули)**

Се објавува Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за финансико учество во постапка за експропријација на недвижен имот на ул.Борис Сарафов (4-ти Јули), што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Тринаесетата Седница на Советот, одржана на ден 05.12.2013 година.

**Број 08-3917/6**
**од 06.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36, а во врска со член 14 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М." бр.5/2002) и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл. Весник на Р.М." бр.79/09), Советот на Општина Ѓорче Петров на 13-тата Седница одржана на ден 05.12.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за воспоставување соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје, за финансиско учество во постапка за експропријација на недвижен имот на ул.„Борис Сарафов" (4-ти Јули)**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го прифаќа предлогот за воспоставување на соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје и се уредува начинот, условите, финансирањето и други прашања во врска со постапката за експропријација на недвижен имот на ул.„Борис Сарафов" („4-ти Јули") на потегот од ул.„Атанас Иљоски" до ул.„Вера Циривири" (прва фаза) и од ул.„Арсение Јовков" кон ул.„Македонска Преродба" (втора фаза), заради остварување на заедничка цел и интерес за финансиско учество.

**Член 2**

Општина Ѓорче Петров во остварувањето на соработката ќе учествува со финасиски средства обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година, во висина од 50% од вкупниот износ, а Град Скопје со средства од Буџетот на Град Скопје за 2014 година, во висина од 50% од вкупниот износ.

**Член 3**

Вкупниот износ на финасиски средства за реализација на постапката за експропријација ќе се утврди согласно позитивната законска регулатива (Закон за катастар на недвижности, Закон за експропријација и Закон за процена).

**Член 4**

За реализација на оваа Одлука, Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров ќе склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-3760/8**
**од 05.12.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за начинот на извршување на присилната наплата на пристигнатиот даночен долгна даночни обврзници – физички лица, по основ на данок на имот за Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за начинот на извршување на присилната наплата на пристигнатиот даночен долг на даночни обврзници – физички лица, по основ на данок на имот за Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Тринаесетата Седница на Советот, одржана на ден 05.12.2013 година.

**Број 08-3917/7**
**од 06.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М.“ бр.5/2002), а во врска со член 55 од Законот за даноците на имот  („Сл.Весник на Р.М.“ број 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11 и 84/12), Советот на Општина Ѓорче Петров на 13-тата Седница одржана на ден 05.12.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за  начинот на извршување на присилната наплата на пристигнатиот даночен долг на даночни обврзници – физички лица, по основ на данок на имот за Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

При присилна наплата за неплатен даночен долг на даночни обврзници – физички лица, по основ на данок на имот, пристигнат за наплата за 2008, 2009, 2010, 2011 и 2012 година, ќе се врши само наплата на главниот долг, без да се изврши наплата на каматата.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-3760/9**
**Од 05.12.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен  Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1  точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање на согласност за склучување на спогодба за здружување за воспоставување на систем за управување со отпад во Скопски Плански Регион**

Се објавува Одлуката за давање на согласност за склучување на спогодба за здружување за воспоставување на систем за управување со отпад во Скопски Плански Регион, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Тринаесетата Седница на Советот, одржана на ден 05.12.2013 година.

**Број 08-3917/8**
**од 06.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02), Советот на Општина Ѓорче Петров на 13 -тата седница одржана на ден 05.12.2013 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за давање на согласност за склучување на спогодба за здружување за воспоставување на систем за управување со отпад во Скопски Плански Регион

### Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на спогодба за здружување за воспоставување на Меѓуопштински обор за управување со отпад во Скопскиот Плански Регион помеѓу општините и Град Скопје (како посебна единица на локалната самоуправа) членки на Скопскиот Плански Регион:

1. Град Скопје, претставувана од Градоначалникот Коце Трајановски,
2. Чаир, претставувана од Градоначалникот Изет Меџити,
3. Центар, претставувана од Градоначалникот Андреј Жерновски,
4. Кисела Вода, претставувана од Градоначалникот Билјана Беличанец-Алексиќ,
5. Сарај, претставувана од Градоначалникот Беким Мурати,
6. Бутел, претставувана од Градоначалникот Петре Латиновски,
7, Карпош, претставувана од Градоначалникот Стефче Јакимовски,
8. Гази Баба, претставувана од Градоначалникот Тони Трајковски,
9. Аеродром, претставувана од Градоначалникот Ивица Коневски,
10. Ѓорче Петров, претставувана од Градоначалникот Сокол Митровски,
11. Шуто Оризаљри, претставувана од Градоначалникот Елвис Бајрам,
12. Арачиново, претставувана од Градоначалникот Брахим Ајвази,
13. Зелениково, претставувана од Градоначалникот Веле Груевски
14. Илинден, претставувана од Градоначалникот Жика Стојановски,
15. Студеничани, претставувана од Градоначалникот Азем Садики,
16. Сопиште, претставувана од Градоначалникот Стефче Трпковски,
17. Чучер Сандево, претставувана од Градоначалникот Јован Пејковски,
18. Петровец, претставувана од Градоначалникот Борче Митевски.

### Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров Господинот Сокол Митровски да ја потпише Спогодбата за здружување за воспоставување на Меѓуопштински одбор за управување со отпад во Скопски Плански Регион.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општината Ѓорче Петров", а ќе започне да се применуива по нејзино усвојување од страна на сите совети на општините и Град Скопје, потписнички на оваа спогодба.

**Број 07-3760/10**
**Од 05.12.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година-финансиска помош за Кристијан Алексовски**

Се објавува Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година-финансиска помош за Кристијан Алексовски, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Тринаесетата Седница на Советот, одржана на ден 05.12.2013 година.

**Број 08-3917/9**
**од 06.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 05/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 13-тата седница одржана на ден 05.12.2013 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров-финансиска помош на Кристијан Алексоски**

**Член 1**

На малолетното лице Кристијан Алексоски, без родители, му се одобрува исплата на месечен износ од 6.000,00 денари за период од 01.01.2014 до 31.12.2014 година, како финансиска поддршка.

**Член 2**

Средствата ќе бидат уплаќани на трансакциска сметка на законскиот застапник на малолетниот Кристијан Алексоски.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров и Одделението за финасирање и Буџет за извршување на Одлуката.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-3760/11**
**Од 05.12.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Измени и дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен одбележја за Општина Ѓорче Петров**

Се објавуваат Измените и дополнувањата на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен одбележја за Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ги усвои на Тринаесетата Седница на Советот, одржана на ден 05.12.2013 година.

**Број 08-3917/10**
**од 06.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 17 од Законот за меморијаните споменици и спомен одбележја („Службен Весник на РМ“ бр.66/04, 89/08), член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06) и Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за Општина Ѓорче Петров бр.07-2394/6 од 27.08.2009 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.11/09), Советот на Општина Ѓорче Петров на 13-тата седница одржана на ден 05.12.2013 година, донесе

**Измени и дополнувања на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен одбележја за Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Во дел III. став 1 од Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен одбележја за Општина Ѓорче Петров, се додава нова алинеја и гласи:

- Жртви од комунизмот од 1945 до 1990 година.

Измените и дополнувањата се составен дел на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен одбележја за Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Измените и дополнувањата на Програмата влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-3760/12**
**Од 05.12.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**АлександарСтојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма на Општина Ѓорче Петров во областа на еднаквите можности на жените и мажите во 2014 година**

Се објавува Програмата на Општина Ѓорче Петров во областа на еднаквите можности на жените и мажите во 2014 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Тринаесетата Седница на Советот, одржана на ден 05.12.2013 година.

**Број 08-3917/11**
**од 06.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# ПРОГРАМА
## на Општина Ѓорче Петров во областа на еднаквите можности на жените и мажите во 2014 година

**Скопје 2013 година**

## С О Д Р Ж И Н А

**I.  ЦЕЛИ.........................................................................................................................................3**

**II.  Програма за родова еднаквост....................................................................................3-5**

**III.  АКТИВНОСТИ..........................................................................................................3-4**

**IV.  ФИНАНСИРАЊЕ.........................................................................................................5**

**V.  ДРУГИ ФОРМИ НА ПОДДРШКА..................................................................................5**

**VI.  ЗАВРШНИОДРЕДБИ...................................................................................................5**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална смаоуправа („Службен Весник на РМ" бр. 5/02), член 14 став 1 и став 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените („Службен Весник на РМ" бр.6/12) и член 16 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на РМ" бр. 6/05), Советот на Општина Ѓорче Петров на 13-тата седница, одржана на ден 05.12.2013 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**на Општина Ѓорче Петров во областа**
**на еднаквите можности на жените и мажите**
**во 2014 година**

## ПОЈДОВНА ОСНОВА НА ПРОГРАМАТА

Врз основа на член 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите Општината Ѓорче Петров има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област од општествениот живот. За остварување на оваа цел, Општината, согласно одредбите од член 14 од овој Закон, помеѓу останатото е должна да изработи годишен план во кој ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.

Во Општина Ѓорче Петров во периодот од 2010 -2013 год. беше спроведен Акциски план за родова рамноправновст и беа превземени активности во следните приоритетни стратешки области: 1.Човековите права и жената и 2.Жените и семејното насилство.

Со активностите предвидени во Годишната програма од областа на еднаквите можности на жените и мажите, се обезбедува континуитет на активностите во овие две приоритетни стратешки области.
Воедно, преку активностите предвиведни со Програмата ќе се одговори на потребите на жените во Општината Ѓорче Петров идентификувани во текот на реализацијата на проекти и активности од областа на еднаквите можности во 2013 година.

Општината во рамките на проектот „Зајакнување на капацитетите на локалнтата самоуправа и локалните активисти за остварување и креирање на ефективни политики за родова еднаквост„ кој се реализира во соработка Институтот за општествени и хуманистички науки и Акција Здруженска, со финансиска поддршка од UN Women, спроведе процес на оценување на состојбата и можностите на жените за пристап до услуги кои ги овозможува Општината како дел од процесот на истражување на потребите на граѓаните. Овој процес

претставува основа за креирање на релевантни родово свесни политики и дел од процесот на вклучување на родовата перспектива во процесите на локалната самоуправа. Резултатите од истражувањето укажуваат на потребата за подобрување на информирањето на жените за можностите и услугите кои ги нуди општината во доменот на социјалната заштита како и понатамошно унапрдување на овие услуги, вклучување на жените од маргинализираните слоеви на општеството во процесите на економско јакнење (дополнителна едукација и поттикнување за вработување) и вклучување на жените во процесите на одлучување во рамки на месната самоуправа.

Истражувањето исто така укажува на потребата за дополнително зајакнување на капацитетите во општината за вклучување на родовата перспектива во тековните политики и процеси како и потреба за актуелизирање на родовата еднаквост пошироко во јавноста.

**I.Цели**

Основни цели за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на еднаквите можности на мажите и жените за 2014 година се:

- Зајакнување на институционалните капацитети на општината за унапредување на еднаквите можности преку обуки на администрацијата советот, развивање на интерни постапки/механизми за координирано дејствување.
- Јавна промоција на родовата еднаквост како вредност, преку информативни кампањи и манифестации и информирање на жените за услугите и можностите кои ги нуди општината.
- Унапредување на ЕМЖМ во приоритетни области во надлежност на Општината.
- унапредување на заштитата од насилство врз жени,
- унапредување социјалната поддршка на жени, економско зајкнување/вклучување на жени, особено маргинализирани, поттикнување на учество во месната самоуправа).

**II. АКТИВНОСТИ**

За остварување на целите на програмата во 2014 година Општината ќе ги спроведе следниве активности:

**1. Обука на администрацијата за родова анализа**

Целта на оваа активност е да се зголеми свесноста и разбирањето на претставниците од општинската администрација за потребата и начините за

вклучување на родовата перспектива во процесот на планирање на програмите и проектите од областите кои спаѓаат во нивниот делокруг на работа.

Обуката ќе биде дводневна и ќе биде спроведена од страна на Акција Здруженска и Институт за општествени и хуманистички науки.

Неопходни услови за спроведување на обуката:

- Подготвена програма и методологија за обука за родова анализа
- Подготвени базични помошни алатки за практична примена на стекнатите знаења
- Обезбедени услови за одржување на обуката

**2. Обука на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите**

Оваа обука ќе биде специјализирана за членовите на Комисијата со цел да се зајакнат нивните знаења и вештините за остварување на специфичните обврски од нивна надлежност.

Обуката која ќе се организира во вид на три еднодневни практични работилници и се фокусира на улогата на Комисијата и начините за влијание на процесите на планирање и одлучување во насока на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, соработката со координаторот за еднакви можности на жените и мажите, како и јавната промоција на еднаквите можности на жените и мажите во Општината.

Неопходни услови:

- Подготвена програма и методологија за обука
- Обезбедени услови за одржување на обуката

**3. Манифестација 8Ми Март – Меѓународен ден за правата на жената**

Оваа активност е во функција на јавна промоција на човековите права на жените и еднаквите можноти на жените и мажите. Целта на оваа манифестација е да се подигне јавната свесност за правата на жената.

Во рамките на оваа манифестација организирана од Општината Ѓорче Петров, ќе биде одржана јавна седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на која ќе учествуваат претставници од општинската администрација, граѓанскиот сектор, претставници од основни училишта и други институции.

На настанот ќе биде претставена Програмата на Општината Ѓорче Петров, проекти и активности планирани во текот на 2014 година заедно со граѓанскиот сектор. Воедно ќе се спроведе дебата помеѓу учесниците на која ќе се дискутира состојбата со родовата еднаквост, правата на жената со предлози и насоки за поттикнување и унапредување на соработкат повзани со во врска со еднаквите

можности на жените и мажите во Општината. Се планира и медиумска покриеност на настанот.

**4. Спроведување на Проект „ОТВОРЕНИ ДЕНОВИ за едукација и информирање за превенција од семејно насилство“, во соработка со НВО и патролната социјална служба.**

Општината Ѓорче Петров во соработка со Организацијата на жени на Град Скопје и патролната социјална служба ќе спроведе проект чија цел е подигнување на јавната свесност за секаков вид на насилство, запознавање со постојниот закон и правото на жртвите во однос на семејното насилство, потенцирање на правото на жената на полето на одлучување, директна помош на оние на кои им е потребна и продлабочување на соработката меѓу Општината и граѓанскиот сектор, размена на искуства идеи и последователни активности.

Во рамките на проектот ќе бидат организирани едукативни трибини, дебати, советувања (презентација и опции и регулативи на граѓаните во однос на семејното насилство и превентивни мерки за истото) Презентери во активностите ОЖС- операторките на СОС линијата. Проектот ќе започне со претставата за семејно насилство НЕ ГО ТРПИ УДАРОТ, изготвена од деца аматери.

**Патролната социјална служба ќе обезбеди пристап до** маргинализираните (социјално загрозени) жени со акцент на нивно информирање за облиците на заштита и упатување до соодветни инстиуции.

За спроведување на активностите предвидени со програма се предвидени следните финансиски средства и тоа:

| ред. број | Активност | Рок и место на одржување | Носител | Прдвидени с-ва во Буџетот на Општината Ѓ. Петров |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Обука за администрација<br><br>2 дена | Јуни | Општина Ѓорче Петров Акција Здруженска ИОХН | **17. 000,00** |
| | | - други договорни услуги<br>- други материјали<br>- прехрамбени продукти и пијалоци | | 12.000,00<br>2.000,00<br>3.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Обука за Комисија за еднакви можности на жените и мажите<br><br>3 дена<br>5 учесници | Април | Општина Ѓорче Петров Акција Здруженска ИОХН | **17. 000,00** |
| | | - други договорни услуги<br>- други материјали<br>- прехрамбени продукти и пијалоци | | 12.000,00<br>2.000,00<br>3.000,00 |
| 3. | **Манифестација 8 МИ МАРТ** | Март 2014 | Општина Ѓорче Петров | **10.000,00 ден**. |
| | Говорници на тема: Правата на жената<br><br>Пригоден коктел | - прехрамбени продукти и пијалоци<br>- услуги за копирање и печатење<br>-други оперативни расходи | | 7.000, 00 ден<br><br>2.000,00 ден<br><br>1.000,00 ден |
| 4. | **Проект: ОТВОРЕНИ ДЕНОВИ** | Март-Декември 2014 | Општина Ѓорче Петров Организација на жени на Град Скопје | **98.000, 00 ден.** |
| | Шест едукативни трибини во училиштата и месната заедница;<br><br>Четири претстави Не го трпи ударот на територијата на Општината со дебати<br><br>Спроведување на анкети на трибините (ОЖС и Патролна служба) | -други договорни услуги<br><br>-други оперативни расходи<br><br>-транспорт на луѓе<br><br>-прехрамбени продукти и пијалаци | | 70.000,00 ден<br><br>16.000,00 ден<br><br>6.000,00 ден<br><br>6.000,00 ден |
| | **ВКУПНО:** | | | **142,000.00 ден** |

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е предвидено во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година.

За активностите од областите што ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават дополнително, во текот на 2014 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата и следењето на активностите од оваа Програма ќе се одвива преку Одделението за работи на Градоначалникот и дејности од јавен интерес, а надзорот на спроведувањето ќе го врши Комисијата за еднакви можности на жените и мажите.

Програмата е отворена за предлози, сугестии и мислења.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-3760/13**
**Од 05.12.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен  Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1  точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за исплата на еднократен надомест**

Се објавува Одлуката за исплата на еднократен надомест, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Тринаесетата Седница на Советот, одржана на ден 05.12.2013 година.

**Број 08-3917/12**
**од 06.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М.“ бр.5/2002) и  член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 13-тата Седница одржана на ден 05.12.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за  исплата на еднократен надомест**

**Член 1**

На членовите на советот на Општина Ѓорче Петров да се исплати еднократен надомест во висина од 12.500,00 денари.

Средствата од став 1 на овој член да се исплатат од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година.

**Член 2**

Се задолжува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да ја реализира оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-3760/14**
**Од 05.12.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Александар Стојкоски с.р.**